БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# Извештај за спроведување на Годишниот план за работа за 2022 година

**Јануари 2023 година**

Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Бирото за развој на образованието за 2022 година е изработен врз основа на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/08 и 58/18) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешки план и годишен план за работа („Службен весник на Република Македонија” број 131/18).

Со Годишниот план на Бирото за развој на образованието 2022 се операционализирани мерките и активностите од првата година содржани во Стратешкиот план на Бирото 2022-2024 година кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Бирото и стратешките приоритети и цели на МОН и на Владата на РСМ. Оттаму, извештајот содржи преглед на постигнатите резултати на Бирото од спроведувањето на програмата, потпрограмите, мерките и активностите од тековното работење и на планираните но нереализираните мерки и активности со образложение на нивно неспроведување.

Во функција на зголемување на отчетноста и транспарентноста во работењето на Бирото како и известувањето на постигнатите резултати, со овој извештај се обезбедува конкретен увид на реализацијата на програмата и потпрограмите од Годишниот план за работа за 2022 година на нашата институција.

# 1. ПРОГРАМИ

Годишниот план за работа на Бирото за развој на образованието за 2022 година беше изработен во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука, а следствено на тоа и со стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година (Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2022 година, „Службен весник на РСМ“, бр. 97/2021 од 29.04.2021 година), а во согласност со Стратешкиот план на Бирото за 2022-2024 година (01-277/2 од 07.02.2022) и Сеопфатна стратегија за развој на образованието 2018-2025 година.

- Стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2022 година „квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот“.
- Приоритетните цели содржани во Одлуката за стратешки приоритети за 2022 година „развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување, базирано на анализи и факти“ и „образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат, негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот“.
- Стратешките приоритети на Бирото за развој на образованието:
  - унапредување и развој на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование;
  - зајакнување на континуираниот професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование;
  - унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците и
  - решавање на имотно-правните односи на Бирото за развој на образованието.

Приоритетни цели на Бирото за развој на образованието:

- да се имплементираат реформите во основното образование согласно Концепцијата за основно образование.
- да се развијат национални образовни стандарди и наставни програми и наставни планови за средното образование;
- да се имплементира Концепцијата за инклузивно образование;
- да се подобрат компетенции на воспитно-образовниот кадар;
- да се обезбеди следење на наставниците преку стручни увиди и обезбедување нивен кариерен развој.

Со Стратешкиот план на Бирото за 2022-2024 година, предвидено е да се имплементира 1 програма со 7 потпрограми, кои се посветени на подобрување на квалитетот на предучилишното, основното и средното образование.

За програмата и за секоја од предвидените потпрограми , кои пак иницираа мерки, проекти и активности, Годишниот план за работа за 2022 година ги дефинира потребните ресурси и финансиски средства за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

**ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Потпрограми:**

1. Стандарди за предучилишно образование
2. Стандарди, наставни планови и програми за основно образование
3. Стандарди, наставни планови и програми за средно образование (гимназиско, уметничко, спортска гимназија, спортска академија, средно стручно образование, образование на ученици со посебни образовни потреби и математичко – информатичка гимназија)
4. Истражување за унапредување на предучилишното, основното и средното образование
5. Континуиран професионален развој на воспитно – образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование
6. Следење и (само)евалуација на постигањата на училиштата
7. Педагошка документација и евиденција, дигитални содржини и онлајн курсеви

# 2. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

*2.1 Оценка на постигнати резултати од спроведувањето на програмата и потпрограмите од Стратешкиот план:*

| | |
|---|---|
| **Поврзаност со стратешкиот приоритет и цел на Владата:** | Стратешкиот приоритет на Владата:<br>• Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот, развој и унапредување на културата и спортот.<br>Приоритетните цели на Владата:<br>- развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување, базирано на анализи и факти,<br>- образование во функција на личности кои ги почитуваат, негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот, |
| **Поврзаност со приоритетите и целите на Бирото за развој на образованието:** | Стратешките приоритети на Бирото за развој на образованието:<br>• унапредување и развој на воспитно-образовниот процес во предучилишното, основното и средното образование;<br>• зајакнување на континуираниот професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование;<br>• унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците.<br>Приоритетни цели на Бирото за развој на образованието:<br>- да се имплементираат реформите во основното образование согласно Концепцијата за основно образование.<br>- да се развијат национални образовни стандарди и наставни програми и наставни планови за средното образование;<br>- да се имплементира Концепцијата за инклузивно образование;<br>- да се подобрат компетенции на воспитно-образовниот кадар;<br>- да се обезбеди следење на наставниците преку стручни увиди и обезбедување нивен кариерен развој. |

| Назив на програмата: | Цел на програмата: | Одговорен: |
|---|---|---|
| **КВАЛИТЕТНО ПРЕДУЧИЛИШНО, ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **Подобрен квалитет на знаењата на децата и учениците** | • **Сектор за развој на воспитно образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми**<br>• **Сектор за истражување во образованието**<br>• **Сектор за професионален развој на воспитно образовниот кадар и советодавна стручна работа**<br>• **Сектор за следење и евалуација на постигнувањата на учениците и наставниците**<br>• **Сектор за издавачка дејност** |

<table>
<tr><td colspan="2">Назив на потпрограмата 1:<br><br>Стандарди за предучилишно образование</td><td>Цел на потпрограмата:<br><br>Унапредување на квалитетот на предучилишното образование</td><td>Одговорен:<br><br>Сектор за развој на воспитно образовниот систем и развој на стандарди, наставни планови и програми</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>1. Реализирани обуки за воспитно – образовниот кадар за примена на дидактичките материјали</td><td>Во периодот јануари-март 2022 година, реализирана е обука по 6 модули (Градинката како професионална заедница за учење; Градење на колаборативен тим фокусиран на учењето; растот и развојот на децата; Ориентираност кон очекуваните резултати во раното учење и развојот на децата; Ефективна комуникација; Градинката и заедницата) за поддршка на процесот за</td><td>Од март 2022 година, обучените воспитувачи почнаа со примена на стекнатите знаења за воспоставување на професионалните заедници за учење во детските градинки.</td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| | воспоставување на Професионални заедници за учење во потсистемот за предучилишно образование и воспитание.<br>- Обучени се 200 воспитувачи од сите јавни детски градинки од државата. | | |
| **2. Реализирани обуки за воспитно-образовниот кадар за други теми поврзани со воспитно-образовниот процес согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката на воведување на реформите во предучилишното образование.** | 20 кандидати вработени во јавни детски градинки во државата се обучени со цел да полагаат за стекнување на лиценца на директори на детски градинки.<br><br>1 советник од Бирото за развој на образованото се стекна со сертификат за лиценциран мастер обучувач за примена на алатката MELQO во потсистемот на предучилишно образование и воспитание. | Обучените кандидати добиваат потврда за завршена обука, како услов за полагање за стекнување на лиценца за директор.<br><br>Обучениот советник во месец септември ќе реализира обука за 20 стручни работници од детските градинки за примена на алатката MELE како дел на алатката MELQO за проценка на околината за рано учење во потсистемот на предучилишното образование и воспитание. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Обучени се 20 стручни соработници од детските градинки за примена на алатката MELE како дел на алатката MELQO за проценка на околината за рано учење во потсистемот на предучилишното образование и воспитание. | Обучените стручни работници ќе ги искористат стекнатите знаења во реализација на првата фаза од мерењето на квалитетот на раното учење и развојот на децата во јавните детски градинки, преку примена на алатката MELE. | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2022** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1. Креирање на ресурси за рано учење и развој на децата во предучилишното образование** | Креирани 400 игри/ активности и 1600 видео лекции за деца на возраст од 3 до 6 години, поставени на платформата ЕДУИНО-ран детски развој. | Ресурсите имаа за цел да се поттикне развојот и учењето преку игра и интеракција кај децата на возраст од 3 до 6 години. | |
| **2. Инклузија на деца со попреченост во предучилишно образование.** | Ревидирано издание на Водич за работа на инклузивен тим на детска градинка/Центар за ран детски развој. | Зајакнување на стручните компетенции на членовите на инклузивниот тим на детска градинка/Центар за ран детски развој за инклузија на деца со попреченост во предучилишното образование. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3. Изработени документи за предучилишното образование согласно барањата на Владата, МТСП, МОН и динамиката на воведување на реформите во предучилишното образование.** | Изработен Прирачник за спроведување на практични активности за интегрирање на животната средина и климатските промени во програмата за рано учење и развој за децата во предучилишно образование преку искуствено учење во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ | Прирачникот има за цел да биде поддршка за воспитувачите при планирањето и реализирањето на воспитно-образовните активности од областа на климатските промени и за чување на животната средина. | |
| **4. Модернизација на професионален и кариерен развој на вработените во предучилишните установи.** | Дадени се предлози за измени и надополнувања на законот за Заштита на децата и Законот за Бирото за развој на образованието. | Воспоставување на функционален систем за професионален и кариерен развој на вработените во предучилишните установи. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Нема** | | | |

<table>
<tr><td colspan="2">Назив на потпрограмата 2:<br><br>Стандарди, наставни планови и програми за основно образование</td><td>Цел на потпрограмата:<br><br>Унапредување на квалитетот на основното образование</td><td>Одговорен:<br><br>Сектор за развој на воспитно образовниот систем  и развој на стандарди, наставни планови и програми</td></tr>
<tr><td colspan="4">СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ</td></tr>
<tr><td>Мерка/активност</td><td>Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво</td><td>Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата</td><td>Коментар</td></tr>
<tr><td>1. Изработени нови наставни програми базирани на новите стандарди со резултати од учењето</td><td>- Изработени наставни програми за III (трето) одделение по наставните предмети: Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик, Босански јазик, Англиски јазик, Математика, Природни науки, Општество, Музичко образование, Ликовно образование, Физичко и здравствено образование.</td><td>Наставата во III (трето) одделение од учебната 2023/24 ќе се реализира според новите наставни програми базирани на новите стандарди за постигнување на учениците и концепцијата за основно образование.</td><td></td></tr>
</table>

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2. Реализирани обуки за нови наставни програми и други теми поврзани со воспитно – образовниот процес согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на воведување на реформите во основното образование.** | • Изработени модули за реализација на обуки за сите наставници коишто реализираат настава во II (второ) и V (петто) одделение на основното образование;<br><br>- Обучени 20 обучувачи советници од БРО – обука за планирање и реализација на новите наставни програми во II (второ) и V (петто) одделение;<br><br>- Реализирани обуки за воспитно-образовниот кадар за примена на новите стандарди и наставни програми;<br><br>- Обучени 3019 одделенски наставници коишто реализираат настава во II (второ) и V (петто) одделение во учебната 2022/2023 година за планирање и | Согласно изработените модули се реализираа обуките на наставниците кои што реализираат настава во II (второ) и V (петто) одделение согласно новите наставни програми и новата концепција за основното образование.<br><br>Обучените обучувачи реализираа вкупно:<br><br>За Модулите: Обука за планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми во II (второ) одделение и Медиумска писменост – 59 групи/1555 обучени одделенски наставници.<br>За Модулите: Планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми во V (петто) одделение и Медиумска писменост - 58 групи/1464 обучени одделенски наставници. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | реализација на наставата согласно  новите наставни програми;<br><br><br>- Обучени 188 предметни наставници кои што реализираат настава во IV (четврто) и V (петто) одделение во учебната 2022/2023 година за планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници за IV (четврто) и V (петто) одделение;<br><br>- Обучени 459 предметни наставници кои што реализираат настава во V (петто) одделение во учебната 2022/2023 година за планирање и реализација на наставата согласно новата наставна програма по предметот Природни нуаки за V (петто) одделение; | <br><br><br><br>Обука за планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници за IV (четврто) и V (петто) одделение - 2 групи/188 обучени наставници.<br><br><br><br><br><br><br><br>Обука за планирање и реализација на наставата огласно новата наставна програма по предметот Природни нуаки за V (петто) одделение - 3 групи/459 обучени наставници од кои 2 групи/375 обучени настаници кои изведуваат настава на македонски јазик, турски јазик, српски јазик, односно босански јазик и 1 група/84 обучени настаници кои изведуваат настава на албански јазик. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Обучени 2547 одделенски наставници кои што реализираат настава во I (прво) и IV (четврто) одделение во учебната 2022/2023 година за новата концепција за основно образование и за планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми; | Обучените наставници ја реализираат наставата според новата концепција за основно образование и новите наставни програми за II (второ) и V (петто) одделение.<br><br>За Модулите (Модул 1 – обука за концепцијата за основно образование, Модул 2 – обука за планирање и реализација на новите наставни програми и Модул 3 - обука за планирање и реализација на новите наставни програми) обучени 48 групи/1209 одделенски наставници што реализираат настава во I (прво) одделение.<br><br>За Модулите (Модул 1 – обука за концепцијата за основно образование, Модул 2 – обука за планирање и реализација на новите наставни програми и Модул 3 - обука за планирање и реализација на новите наставни програми) обучени 53 групи/1338 одделенски наставници што реализираат настава во IV (четврто) одделение. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Обучените наставници ја реализираат наставата според новата концепција за основно образование и новите наставни програми за I (прво) и IV (четврто) одделение. | |
| | Обучени 26 групи/551 стручни соработници од основните училишта за новата концепција за основно образование, планирање на наставата и за реализација на новите наставни програми во I, II, IV и V одделение, согласно новата концепција за основно образование. | Обучените стручни соработници во основните училишта ќе пружаат стручна поддршка на одделенските наставници при планирање на наставата според новата концепција за основно образование и новите наставни програми во I, II, IV и V одделение. | |
| | • Изработен модул за обука на обучувачи за изготвување на ИОП и модифицирана наставна програма; | Унапредување на квалитетот на инклузивното образование во основните училишта. | |
| | -Обучени се 31 (14 советници и 17 стручни соработници) обучувачи за реализаицја на обука на тема „Изработка на | Унапредување на компетенциите на советниците и стручните соработници за реализаиција на обука на тема: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ИОП и Модифицирана наставна програма“;<br><br>- Реализирани обуки за членови на УИТ од основните училишта за „Изработка на ИОП и Модифицирана наставна програма“;<br><br>- Обучени 91 групи (членови на УИТ) од основни училишта во државата за Изработка на ИОП и Модифицирана наставна програма; | „Изработка на ИОП и Модифицирана наставна програма“. | |
| | • Обучени 9 наставници од основни училишта за реализација на наставата по Иновации во IX (деветто) одделение на основното образование; | Обучените наставници се стекнаа со сертификат за завршена обука за Иновации и претприемништво со кој, согласно нормативот за наставен кадар, можат да ја реализираат наставата по Иновации во IX (деветто) одделение на основното образование. | |
| | • Реализирана тридневна обука на тема „Пилотирање на модули за ментално | Обучените советници и ментори се стекнаа со сертификат за заршена обука и за давање на придонес во развивање на активности за | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | здравје“ со која се обучени 5 советници од БРО и 37 стручни соработници (ментори од областа на менталното здарвје) од основните и средните училишта во државата;<br><br>- Во соработка со канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, изготвен е модул за онлајн обука на тема „Унапредување на менталното здравје кај учениците“ која е поставена на ЕДУИНО платформата. Со обуката се опфатени сите стручни соработници од основните и средните училишта во државата. | унапредување на менталното здравје во основните и средните училишта. Обучените советници ќе даваат поддршка на 37 стручни соработници ментори од основните и средните училишта. Обучените 37 стручни соработници од основните и средните училишта ќе пружаат поддршка на стручните соработници на останатите основни и средни училшта во државата за спроведување на активности за унапредување на менталното здравје.<br><br>Обучените стручни соработници, континуирано ќе пружаат поддршка на учениците и останатите вработени во основните и средните училишта за реализирање на активности со цел унапредување на менталното здравје. | |
| **3. Изработени концепции, подзаконски акти, упатства и други документи за основното образование согласно барањата на Владата, МОН и** | - Изработени насоки за реализација на наставата во второто полугодие од учебната 2021/2022 година; | Успешна реализација на наставата во второто полугодие во учебната 2021/2022 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **динамиката на воведување на реформите во основното образование** | - Изработено упатство за тандем настава - планирање, организирање и реализација на наставата по физичко, музичко и ликовно образование;<br><br>- Изработен детален план на активности за 2022 година на Канцеларијата на УНИЦЕФ и Бирото за развој на образованието, за компонентата *Инклузивно образование* со акцент на планирање, подготовка и учество во реализација на активности;<br><br>- Изготвено Упатство за изработка и реализација на модифицирана наставна програма за учениците со комплексни потреби во основното образование, како поддршка на процесот на инклузија на сите деца во | Подобрена реализација на тандем наставата во одделенска настава.<br><br>Изработениот план е основа за реализација на активностите кои БРО ги реализира со поддршка на Канцелраијата на УНИЦЕФ во Скопје.<br><br>Создадени се услови за унапредување на планирањето и реализацијата на наставата за учениците со комплексни потреби во основното образовани, како поддршка на процесот на инклузија на сите деца во редовното образование. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | редовното образование, до 2023 година;<br>Изготвен модел за изготвување на модифицирана наставна програма;<br><br>- Измена и дополнување на Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент, согласно добиените насоки од страна на МОН;<br><br>- Измена и дополнување на Правилник за начинот на побарување на образовен/личен асистент, начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент, согласно насоките од страна на МОН;<br><br>- Изработен Прирачник за наставници за примена на наставната програма и | Унапредување на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент.<br><br>Подобрување на начинот на побарување на образовен/личен асистент, начинот на селекција и избор на образовен/личен асистент.<br><br>Прирачникот за наставници за примена на наставната програма и учебникот по математика во I (прво) одделение се применува во | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учебникот по математика во I (прво) одделение;<br><br>- Изработен Прирачник за наставници за примена на наставната програма и учебникот по природни науки во I (прво) одделение;<br><br>- Изработен Прирачник за наставници за примена на наставната програма и учебникот по општество во I (прво) одделение;<br><br>- Изработен Прирачник за наставници за интегрирање на искуствено учење од областа на животна средина и климатски промени во наставата по Природни науки во I (прво), II (второ), III (трето), IV (четврто) и V (петто) одделение на основното образование. (вонпрограмска активност во соработка со УНИЦЕФ). | редовната настава во I (прво) одделение.<br><br>Прирачникот за наставници за примена на наставната програма и учебникот по природни науки во I (прво) одделение се применува во редовната настава во I (прво) одделение.<br><br>Прирачникот за наставници за примена на наставната програма и учебникот по општество во I (прво) одделение се применува во редовната настава во I (прво) одделение.<br><br>Прирачникот има за цел да биде поддршка на наставниците при планирањето и реализирањето на содржини поврзани со животната средина и климатските промени согласно наставните програми по Природни науки од I (прво) до V (петто) одделение на освновното образование. | |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1. Изработен наставен план и наставни програми согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на воведување на реформите во основното образование** | - Усвоен нов наставен план за учебната 2022/2023 година;<br><br>- Изготвен наставен план за I (прво), II (второ), IV (четврто) и V (петто) одделение, согласно новата концепција, за ученици со интелектуална попреченост, аутизам, оштетен вид, оштетен слух и мултихендикеп;<br><br>- Изготвен наставен план за учениците од III (трето), VI (шесто), VII (седмо), VIII (осмо) и IX (деветто) одделение кои се образуваат во основните училишта со ресурсен центар и во центрите за поддршка на учењето. | Наставата се реализира според новиот наставен план и новите наставни програми за I, II, IV и V одделение.<br><br>Наставата се реализира според новиот наставен план, согласно новата концепција, за ученици со интелектуална попреченост, аутизам, оштетен вид, оштетен слух и мултихендикеп.<br><br>Обезбедени се услови за реализација на наставата според новиот наставен план за ученици со интелектуална попреченост, аутизам, оштетен вид, оштетен слух и мултихендикеп, согласно новата концепција. | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **Нема** | | | |

| **Назив на потпрограмата 3:**<br><br>**Стандарди, наставни планови и програми за средно образование (гимназиско, уметничко, спортска гимназија, спортска академија, средно стручно образование, образование на ученици со посебни образовни потреби и математичко – информатичка гимназија)** | | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Унапредување на квалитетот на средното образование** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за развој на воспитно образовниот систем  и развој на стандарди, наставни планови и програми |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1. Реализирани обуки за нови наставни програми изработени согласно барањата на МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование** | - Реализирана обука на 12 наставници кои реализираат настава по француски јазик во двојазичните франкофонски паралелки во I, II, III и IV година гимназиско и средно | Обучените 12 наставници ја реализираат наставата според новите наставни програми по предметот Француски јазик за двојазичните франкофонски паралелки во I, II, III и IV година гимназиско и средно стручно образование. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | стручно образование за планирање и реализација на наставата согласно новите наставни програми. | | |
| **2. Изработени концепции, подзаконски акти, упатства и други документи за средното образование согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование** | - Изработени тест по математика и тест по физика за приемен испит во Математичко-информатичката гимназија;<br><br>- Изработени два теста за квалификационо тестирање по наставниот предмет Македонски јазик и наставниот предмет Математика за упис на учениците во гимназиско образование во учебната 2022/2023 година;<br><br>- Изработени испитна програма и два теста за квалификационо тестирање по наставниот предмет Биологија и наставниот предмет Хемија за упис на учениците во здравствена | Спроведен приемен испит во Математичко-информатичката гимназија за учебната 2022/2023 година.<br><br>Спроведено квалификационо тестирање по предметите Македонски јазик и Математика во СУГС „Орце Николов“ – Скопје за упис на учениците во гимназиско образование во учебната 2022/2023 година.<br><br>Спроведено квалификационо тестирање по предметите Биологија и Хемија во СМУГС „Д-р. Панче Караѓозов“ – Скопје за упис на учениците во здравствена струка на четиригодишното средно стручно образование во учебната 2022/2023 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | струка на четиригодиш-ното средно стручно образование во учебната 2022/2023 година;<br><br>- Изработен нацрт нов Закон за средно образование. | БРО активно учествуваше во изработувањето на новиот Закон за средно образование, кој треба да се финализира во 2023 година. | |
| **3. Изработени испитни програми за државната и училишната матура за реформираното четиригодишно средно стручно образование базирани на резултатите од учењето** | - Изработени нови испитни програми по општообразовните предмети за државна матура: Македонски јазик и литература за гимназиско и средно стручно образование, Македонски јазик и литература за средно уметничко образование, Математика за гимназиско и средно стручно образование и Народно пеење за средно уметничко образование; | Државната матура во 2023 година ќе се реализира согласно новите испитни програми за соодветните наставни предмети. | |

| СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1. Изработени нови наставни програми согласно барањата на Владата, МОН и динамиката на воведување на реформите во средното образование** | - Изработени наставни програми по наставните предмети (задолжителни и изборни) за III (трета) година од математичко-информатичката гимназија, задолжителни: Македонски јазик и литература, Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници, Албански јазик и литература, Англиски јазик, Физика, Спорт и спортски активности, Алгебра, Геометрија, Математичка анализа, Програмирање, Објектно-ориентирано програмирање и Информатика, и изборни: Напредно програмирање, Пресметковни методи, Теорија на броеви, | Наставата во III (трета) година во математичко-информатичката гимназија се реализира согласно новите наставни програми. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Теорија на графови, Интелигентни системи и Иновации;<br><br>- Изработени наставни програми по предметот Француски јазик за двојазичните франкофонски паралелки во I, II, III и IV година гимназиско и средно стручно образование;<br><br>- Изработени наставни програми по предметот Италијански јазик за специјална паралелка за изучување на италијански јазик во I, II, III и IV година гимназиско образование;<br><br>- Измена и дополнување на наставни планови во средното стручно образование (двегодишно, тригодишно, четиригодишно, дуално). | Наставата по Француски јазик во двојазичните франкофонски паралелки во I, II, III и IV година гимназиско и средно стручно образование се реализира согласно новите наставни програми.<br><br>Наставата по Италијански јазик во специјалната паралелка за изучување на италијански јазик во I, II, III и IV година гимназиско образование во СУГС „Никола Карев“ – Скопје се реализира согласно новите наставни програми.<br><br>Наставата во средното стручно образование се реализира согласно новите наставни планови. | |

| ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **1. Изработени национални стандарди за средно образование** | Мерката не е реализирана бидејќи треба да се донесе новиот Закон за средно образование. | Доцнење со реформите во средното образование согласно Стратегијата за образование 2018-2025. | |
| **2. Изработена матрица за наставни програми за гимназиското и уметничкото средно образование, спортската гимназија и спортската академија** | Мерката не е реализирана бидејќи треба да се донесат новиот Закон за средно образование и националните стандарди за средно образование. | Доцнење со реформите во средното образование согласно Стратегијата за образование 2018-2025. | |
| **3. Изработени наставни програми за општообразовните предмети на двегодишното и тригодишното средно стручно образование модуларно дизајнирани и базирани на резултатите од учењето** | Мерката е одложена заради одложување на реформските процеси во средното образование. | Општообразовните и програмите од стручното образование за двегодишното и тригодишното стручно образование различно се планираат и реализираат од страна на наставниците. | |

| **Назив на потпрограмата 4:**<br><br>**Истражување за унапредување на предучилишното, основното и средното образование** | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Анализа и утврдување на напредокот во воспитно-образовниот процес на теми согласно актуелните реформски процеси** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за истражување во образованието |
|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | |

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| **1. Анализирани учебници, стручна литература и детски списанија за предучилишно, основно и средно образование** | Од страна на формираните комисии со решение изготвени се стручни мислења за сите учебници за кои е доставено барање од страна на Педагошка Служба и тоа: учебници по Македонски јазик, Албански јазик, Турски јазик, Српски јазик и Босански јазик за второ и петто одделние, Математика за второ и петто одделние, Општество за второ одделение и Историја и општество за петто одделние, Природни науки за второ и петто одделние.<br><br>По барање комисија формирана при МОН за одобрување на стручна | Со навремено и квалитетно изготвените стручни мислења врз основа на Методологија за вреднување на учебници во врска со нивната усогласеност со наставните програми за соодветниот наставен предмет се овозможи рецензентските комисии формирани при Педагошка служба и Националната комисија да дадат предлог до министерот за овбразование и наука за издавање на доставените учебници.<br><br>Навремено изготвени стручни мислења за стручна литература и детски списанија за сите доставени барања за мислење од Комисијата формирана при МОН. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | литература изготвени се стручни мислења за сите доставени списанија и работни тетратки. | Врз основа на изготвените мислења донесени се одлуки за нивно користење или забрана за користење со цел подобрување на постигањата на учениците за кои се наменети истите. | |
| **2. Изработени материјали за учење/учебници за прво,второ, четврто и петто одделение.** | Изработени материјали за учење на содржините од првото тримесечје за наставните предмети согласно наставниот план и соодветните наставни програми во прво, второ, четврто и петто одделение.<br><br>*Материјалите за учење се изработени и на албански, турски, српски и босански јазик. | Материјалите за учење на содржините од првото тримесечје од учебната 2022/2023 година согласно наставните програми по предметите во прво, второ, четврто и петто одделение се користеа во наставата. | |
| **3. Анализирани истражувачки проекти од областа на образованието** | Врз основа на барање од МОН изготвени се стручни мислења за сите доставени проекти што се реализираат од страна на невладини организации и др. Институции. | Согласно доставените стручни мислења овозможено е одобрување за спроведувае на проектите со цел унапредување на наставата и постигањата на учениците за областа за кои се наменети проектите. | |
| **4. Спроведени истражувања за унапредување на значајни аспекти на предучилишното,** | Реализирани се три истражувања и тоа: | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **основното и средното образование** | 1.Истражување за Ефектите од имплементација на новата концепција за основно образование во I (прво) и IV (четврто) одделение | Со цел да се видат ефектите од имплементација на новите наставни програми во прво и четврто одделние реализирано е истражување во три фази.<br>Во првата фаза спроведено е електронско анкетирање на сите наставници што реализираат настава во прво и четврто одделние и за истото е изготвен извештај и ППП што е доставен до МОН.<br>Во втората фаза реализрани се фокус групи со наставници и со родители од истите 34 училишта врз основа на изготвен инструмент и според добиените податоци изготвен е извештај со заклучоци и препораки што е поставен на веб страницата на БРО.<br>Во третата фаза анализирани се наставните програми на четири наставнички факултети во држава и реализрани се фокус групи со студенти. Од добиените податоци исто така изготвен е извештај. | |
| | 2.Промена на ставовите на наставниците кон воведување Сеопфатно | За да се обезбеди увид во перцепциите и ставот на родителите и на наставниците за воведување на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сексуално образование 2020-2022 | наставни содржини, односно изборен предмет во основното образование, засновано на моделот на Сеопфатно сексуално образование (ССО) во периодот јануари – јуни 2022 спроведено е истражување, кое како испитаници ги вклучи наставниците од основните училишта. Резултатите од ова истражување јасно покажаа дека и наставниците имаат високо изразен афирмативен став кон потребата од сексуално образование. Исто така направена е споредба со истите податоци добиени во 2020 год., за да се стекне увид во тоа какви промени настанале кај наставниците по реализација на пилот програмата за Сеопфатно сексуално образование. | |
| | 3. Во мај 2022 година реализирана е првата фаза од истражувањето за Мерењето на квалитетот на раното учење и развојот на децата во јавните детски градинки со примена на инструментот MELQO (MODEL и MELE). | Добиените резултати ќе се користат за планирање на идните мерки и активности за подобрување на квалитетот во рамките на потсистемот на предучилишното образование. Исто така, тие ќе бидат основа за споредување со податоците кои ќе бидат добиени во понатамошните мерења со овој инструмент предвидени за 2023 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Со инструментот MODEL за директна проценка за постигањата на децата опфатени се 1019 деца, 1019 воспитувачи и 917 родители на деца вклучени во истражувањето.<br>-Со инструментот MELE - опфатени се 103 воспитни групи, 103 воспитувачи и 103 директори на јавните детски градинки. | | |
| **5. Спроведени научно истражувачки проекти** | Во соработка со меѓународната организација ИРЕКС, БРО учествува во спроведување на Проектот за Медиумска писменост | Во рамките на соработката воспоставена врз основа на трипартитен меморандум за соработка реализирани се повеќе активности и тоа:<br>- Изготвен е концепт за Медиумска писменост во основното образование;<br>- Воведена е тема за Медиумска писменост и медиумска култура во наставните програми по мајчин јазик од прво до петто одделние;<br>- Изготвен е прирачник за Медиумска писменост за петто одд. за наствници. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Реализирани се обуки со наставниците од одделнска настава за успешно воведување на новата тема во рамките на наставниот предмет мајчин јазик (македонски, албански, турски, српски и босански јазик) | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2022** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **Нема** | | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **1. Подобрен квалитет на учебниците** | Во текот на 2022 година не беше донесен нов Закон за учебници за основно и средно образование врз основа на што прозлегува обвската за изготвување на стандарди за дигитални учебници. Исто така, оваа учебна година сите учебници до | Нема посебно влијание, бидејки обезбедените учебници, материјали за учење се поставени на соодветен портал во ПДФ формат. | Изготвување на нов Закон за учебници, а во меѓувреме останува да се користи постоечката Методологија за вреднување на учебници. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | учениците беа достапни во хартиена форма. | | |
| **2. Ревидирана Концепција за воннаставни активности во основното образование** | Во овој период согласно новата Концепција за основно образование изготвено е Упатсво за наставниците за реализација на слободни активности и слободни изборни предмети што претставуваат активности кои со претходната концепција се реализираа како воннаставни активности. | Постоечката Концепција за воннаставни активности сеуште се користи во предметната настава. | Обезбедување буџет во сектор за истражување за изготвување на нова Концепција за воннаставни активности или соработка во изготвување на концепцијата со невладини организации. |

---

| **Назив на потпрограмата 5:**<br><br>**Континуиран професионален развој на воспитно – образовниот кадар во предучилишното, основното и средното образование** | | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Подобрување на компетенциите на воспитно – образовниот кадар** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за професионален развој на воспитно образовниот кадар и советодавна стручна работа |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. Акредитирана/-и програма/-и за обука и акредитиран/-и понудувач/-и на услуга/-и за обука на наставници и стручни соработници во основните и средните училишта** | -Изработена предлог - Програма за стручно усовршување на наставниците од основните и средните училишта за 2022 година од страна на БРО, ДПИ и ЦСОО и предлог – Програма за стручно усовршување на стручните соработници од основните и средните училишта за 2022 година и доставени се до МОН и усвоени од Министерот за образование и наука.<br><br>- Донесена е одлука за распишување јавен оглас од директорот на БРО<br><br>- Формирана е Комисија за избор на програми за обуки и понудувачи на услуги<br><br>- Распишан е јавен оглас<br><br>- Спроведена е евалуација на доставените пријави на понудувачи на обука и | Програмата за стручно усовршување на наставниците за 2022 година е достапна на следниот линк: https://mon.gov.mk/content/?id=4481 Програмата за стручно усовршување на стручните соработници за 2022 година е достапна на следниот линк: https://mon.gov.mk/content/?id=4483<br><br>Јавниот оглас за избор и акредитација на програми за обука и понудувачи на услуги за обука на наставници и стручни соработници од основните училишта е објавен на 23.02.2022 година во дневниот весник Нова Македонија и во Коха, како и на веб страницата на Бирото за развој на образованието. Јавниот оглас е објавен за 29 теми за обука на наставници и 7 теми за обука на стручни соработници; | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | услуги од страна на Комисијата;<br><br>- Доставен е извештај од евалуацијата со ранг листа и предлог за избор на најповолни понудувачи за обука и услуги.<br><br><br>- Донесена Одлука за избор на најповолни понудувачи;<br><br><br>-Донесено Решение за акредитација на програми за обука и понудувачи на услугаи | Доставени се 108 програми од 11 различни понудувачи на услуги и извршена е евалуација од страна на Комисијата;<br><br><br><br><br><br><br>Донесена е одлука од страна на директорот на Бирото за вршење избор на 7 најповолни понудувачи за 22 програми за обука и одлука за вршење неизбор на 4 понудувачи на услуги и 14 програми за обука;<br>Донесени се Решенија за акредитација на 18 програми за обука на наставници и Решенија за акредитација на 4 програми за обука на стручните соработници од основните училишта. | |
| **2.Мониторинг на услугите на акредитираните установи, институции и други правни лица, во однос на квалитетот и извршувањето на услугите според утврдените рокови** | Формирани тимови за следење и евалвација на услугите на акредитираните установи. Согласно Правилникот се следат 10% од бројот на обуките кои се реализираат по програма; | Формирани се 79 тимови за следење на акредитираните обуки и исто толку обуки се следени;<br><br><br><br>Секој тим доставил пополнет формулар со оценка на квалитетот на реализираните обуки и врз основа на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | -Доставен резимиран извештај за следење и вреднување на обуките. | истите се изготвува резимиран извештај од спроведената евалуација на обуките. | |
| **3. Изработен и издаден каталог на акредитирани понудувачи на услуги и програми за обука** | - Изработен Каталог на акредитирани програми и понудувачи. | Изработен е Каталог на акредитирани програми на обука за наставниците во основните училишта, кој е достапен на следниот линк: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/10/Akreditirani-obuki-MK.pdf<br>Изработен е Каталог на акредитирани програми на обука за стручните соработници во основните училишта, кој е достапен на следниот линк: https://www.bro.gov.mk/wp-content/uploads/2022/11/Каталог-за-стручни-соработници-македонски.pdf<br><br>Наставниците/стручните соработници согласно Каталозите, преку училиштата имаа можност да се пријават за обука која имаат потреба да ја следат. Од пријавените 16 008 се наставници и 1 056 се стручни соработници. Обучени се вкупно 14 884 од кои 14 083 се наставници и 801 се стручни соработници.<br><br>Обуките се реализирани во периодот од октомври до декември 2022 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Средствата за реализација на обуките се обезбедени преку Светска Банка – Проект за унапредување на основното образование. | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2022** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| 1. **Спроведено следење и вреднување на работата на наставниците кандидати за напредување во звање преку увид во исполнетоста на професионалните стандарди во делот на професионалната пракса на наставникот во наставните и вонnаставните активности** | По доставено барање од МОН и листа на кандидати кои се пријавиле на јавен повик и кои Бирото согласно Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник – ментор и | 59 кандидати за наставници – ментори се следени и вреднувани од страна на Бирото за развој на образованието, и за истите е доставена оценка за исполнетост на професионалните стандарди за наставник – ментор до Министерство за образование и наука. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | наставник – советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работење на комисиите треба да ги следи и да ја вреднува нивната работа. | | |

| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **1. Изработена методологија и инструменти за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници** | Поради пандемијата со КОВИД 19, одложени се активности за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници | Во предметна настава сеуште може да се применува постоечкиот инструмент за вреднување на работата на наставниците и стручните соработници | Обезбедување буџетски средства во Одделението за изготвување нов инструмент за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници кој ќе биде соодветен на новата Концепција |
| **2. Изработен Годишен план за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници** | Поради пандемијата со КОВИД 19, одложени се активности за следење и вреднување на работа на наставниците и стручните соработници | | |
| **3. Посети за следење и вреднување на работата на наставниците и стручните соработници** | Поради пандемијата со КОВИД 19, одложени се активности за следење и вреднување на работа на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | наставниците и стручните соработници | | |
| **4. Изработена анализа од стручни посети** | Поради пандемијата со КОВИД 19, одложени се активности за следење и вреднување на работа на наставниците и стручните соработници | | |

| **Назив на потпрограмата 6:**<br><br>**Следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците** | | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Унапредување на процесот на континуирано следење и оценување на постигањата на учениците** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за следење и евалуација на постигнувањата на учениците и наставниците |
|---|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1. Поддршка на пробното меѓународно ПИСА тестирање 2022 година** | Реализирани 90 онлине обуки на наставници, обучени се 659 наставници, реализирани се 1515 онлине посети на час и изготвени извештаи од посетите. | Мерката е реализирана согласно годишната програма за работа на секторот. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2. Поддршка на пробно национално оценување во 2022 година** | Изготвени насоки за следење на државното тестирање, изготвен распоред на советници по училишта за мониторирање на процесот на спроведување на државното тестирање. За спроведување и мониторинг на државното тетстирање беа ангажирани 45 советници, од кои 35 на македонски наставен јазик и 10 советници на албански наставен јазик. | Мерката е целосно реализирана согласно годишната програма за работа на секторот. | |
| **3. Подготовка за ТИМС тестирањето 2023 година** | Подготовка на обуки за сите наставници од избраните 150 училишта кои ќе бидат опфатени со ТИМСС 2023 тестирањето, изготвување на презентација и конкретни задачи и примери за наставата во четврто одделение како и дидактичко-методски насоки за реализација на | Мерката е реализирана согласно годишниот план за работа на секторот. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | наставата за развивање на вештини за критичко размислување и решавање проблеми. | | |
| **4. Поддршка во процесот на државната матура 2022 година** | Реализирани се обуки за училишни координатори и училишна матурска комисија. Реализиран е планот за мониторинг на испитите, ангажирани 100 советници во процесот за следење на државната матура. | Мерката е целосно реализирана согласно годишниот план за работа на секторот. | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2022** | | | |
| **Мерка/активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1. Креирање онлине курс за критичко размислување, решавање проблеми и кодирање во наставата** | Поддршка на наставниците за усвојување на вештини за критичко размислување, решавање проблеми и кодирање во наставата. | Во периодот од 1.9. – 31.12.2022 курсот го проследија петстотини наставници. | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1. Изготвени инструменти за самоевалуација** | Недостаток од надворшен консултант | | Да се обезбеди консултант |
| **2. Реализирани обуки на директори, стручна служба и наставници за спроведување на процесот на самоевалуација** | Недостаток од надворшен консултант | | Да се обезбеди консултант |
| **3. Изготвени насоки и иструменти за објективно оценување** | Недостаток од надворшен консултант | | Да се обезбеди консултант |
| **4. Реализирани обуки на директори, стручна служба и наставници за користење на упатство за објективно оценување** | Недостаток од надворшен консултант | | Да се обезбеди консултант |
| **5. Поддршка на меѓународно тестирање ПИРЛС 2022 година** | Во 2022 година не се спроведе меѓународното тестирање ПИРЛС | | |

| **Назив на потпрограмата 7:**<br><br>**Педагошка документација и евиденција, дигитални содржини и онлајн курсеви** | **Цел на потпрограмата:**<br><br>**Испечатена и дистрибуирана педагошка документација и евиденција за основно и средно образование и поставени онлајн курсеви и национална платформа за дигитални игри** | **Одговорен:**<br><br>Сектор за издавачка дејност |
|---|---|---|
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ** | | |

| Мерка/активност | Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво | Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата | Коментар |
|---|---|---|---|
| **1. Изработени обрасци за педагошка документација и евиденција за основно образование на македонски јазик и превод (на албански, турски, српски и босански јазик).** | - Образец бр. 1 - Главна книга на учениците на македонски јазик.<br><br>- Преведен образец бр. 1 - Главна книга на учениците.<br><br>- Лекториран образец бр. 1 - Главна книга на учениците.<br><br>- Преведен образец бр. 13 Додаток на свидетелство.<br>- Лекториран образец бр. 13 - Додаток на свидетелство.<br><br>-Техничко уредување на обрасците бр. 1 и бр. 13 на сите јазици.<br><br>- Проверена е припремата на 10 (десетте) обрасците за основно образование од страна на избраната | Образец бр. 1 навремено, квалитетно е изработен, преведен, лекториран и технички уреден.<br>Образец бр. 13 навремено, квалитетно е преведен, лекториран и технички уреден.<br>Навремено направена поверка на припремата на обрасците во печатницата. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | печатница. | | |
| **2. Испечатени и издадени обрасци на педагошката документација и евиденција за основно и средно образование на македонски, албански, турски, српски и босански јазик.** | Потребата за снабдување на училиштата со педагошка документација и евиденција.<br><br>- Изработени се 3 планови за дистрибуција на педагошката документација за основно образование<br>и 5 планови<br>за дистрибуција на педагошката документација за средно образование за учебните 2021/2022 и 2022/2023 година.<br><br>- Изработени прегледи:<br>1. Споредба на<br>обрасци од педагошка евиденција и документација за 2019, 2020 и 2021 година (количина).<br><br>2. Споредба на<br>цени на единечен примерок од педагошката евиденција и | Навремено и квалитетно целосно е реализирана дистрибуцијата на потребната педагошка документација и евиденција до сите основни и средни училишта.<br><br>Навремено и квалитетно се изработени прегледи, планови, извештаи и Предлог-издавачки план за 2022 година. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | документација за 2019, 2020 и 2021 година.<br><br>3. Број на издадени примероци од педагошката евиденција и документација за 2019, 2020 и 2021 година.<br><br>4. Предлог за бројот на примероците од педагошката евиденција и документација за основно и средно образование за Предлог-издавачкиот план -2022 година.<br><br>- Изработен и доставен Предлог-Издавачкиот план за 2022 година до директорот.<br>- Изработен и доставен Издавачки план<br>за 2022 година (во согласност со добиените податоци од ДИЦ) до директорот.<br><br>- Извршени се 2 контроли на квалитетот и квантитетот на | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | испечатената педагошка евиденција и документација за основно и средно образование и изработени се 2 извештаја.<br><br>- Доставени се 10 прегледи за дистрибуција до печатницата.<br><br>- Извршени се 3 дистрибуции на педагошка евиденција и документација до сите основни и средни училишта и нивно следење. | | |
| **3. Печатење на материјали за учење и доставување до училиштата** | - Соработка со НУБ „Св. Климент Охридски“ за добивање на CIP и ISBNN број | Навремено добиени CIP и ISBNN број | Доставени од МОН |
| **4. Ажурирани бази на податоци од основни и средни училишта** | - Прибирање, ажурирање и ревидирање на општи информации, контакти за основните и средните училиштата за учебната 2021/2022 година.<br><br>- Прибирање, ажурирање, ревидирање и обработка на податоци за бројот на | Навремено и квалитетно целосно се прибрани, ажурирани, ревидирани и обработени базите на податоци. | - ДИЦ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | ученици и бројот на паралелки за основните и средните во училишта за учебната<br>2021/2022 година.<br><br>- Обработени податоци за кандидатите за државна матура во јунскиот испитен рок за учебната 2021/2022 година.<br><br>Изработени прегледи:<br>1. Преглед за основно образование за број на паралелки и број на ученици по општини и по наставен јазик во РСМ.<br><br>2. Преглед за средно образование за број на паралелки и број на ученици по наставен јазик во РСМ.<br><br>- Прибирање, ажурирање и ревидирање на општи информации, контакти за основните и средните училиштата за учебната 2022/2023 година. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Прибирање, ажурирање, ревидирање и обработка на податоци за бројот на ученици и бројот на паралелки за основните и средните во училишта за учебната 2022/2023 година. | | |
| **5. Поставување, одржување и збогатување на националната веб-платформа за дигитални содржини и материјали за воспитувачи, наставници во одделенска настава и за родители** | - Проверени дигитални содржини и материјали, одобрени и поставени на националната веб-платформа за ученици, воспитувачи, наставници и за родители (ЕДУИНО). | Мерката се реализира континуирано согласно потребите и побарувањата на учениците, воспитувачите, наставниците и за родителите со поддршка на МОН, БРО, МТСП, УНИЦЕФ, а го спроведува СМАРТАП. | |
| **6. Зголемен фонд на стручна литература во библиотека на БРО** | - (40) четириесет примероци за 2022 | Навремено се внесувани примероците од нова библиотечна литература. | |
| **СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ ПЛАНИРАНИ СО ГОДИШНИОТ ПЛАН 2022** | | | |
| **Активност** | **Показател на резултат со појдовна основа и планираниот резултат на годишно ниво** | **Оценка за напредокот во постигнување на резултатите и целите на програмата** | **Коментар** |
| **1. Изработени, технички уредени и преведени** | - Образец бр.1 - Главна книга на учениците. | Навремено, квалитетно е преведен, лекториран и технички уреден. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **обрасци за педагошка евиденција и документација за средно образование на српски јазик.** | - Образец бр.18 – Свидетелство за завршена година.<br><br>Образец бр.17 – Ученичка книшка. | Навремено и квалитетно е направена поверка на припремата на образецот во печатницата. | |
| **2. Испечатени и издадени обрасци на педагошката евиденција и документација за основно и средно образование на македонски, албански, турски, српски и босански јазик.** | - Изработени извештаи:<br>1. Цени на единечен примерок од педагошката евиденција и документација за 2021 година.<br>2. Потпрограма 11 – Педагошка евиденција и документација, сметка 637 – Буџетски расходи во договорот за 2021 година.<br><br>3. Потпрограма 10 – Администрација, сметка 787 – Самофинансирачки активности во договорот за 2021 година.<br><br>4. Потпрограма 11 – Педагошка евиденција и документација, сметка 637 – Буџетски расходи планиран тираж според издавачкиот план за 2022 | Навремено и квалитетно се изработени извештаи за потпрограми. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | година со цените од договорот за 2021 година.<br><br>5. Потпрограма 10 – Администрација, сметка 787 – Самофинансирачки активности планиран тираж според издавачкиот план за 2022 година со цените од договорот за 2021 година. | | |
| **ПЛАНИРАНИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ НЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ** | | | |
| **Мерка/активност** | **Образложение** | **Влијание** | **Препорака** |
| **1. Испечатена и издадена стручна литература (прирачници, упатства, публикации, извештаи од истражувања, извештаи од анализи и сл.) и научно-стручно списание** | - До Одделението за издавачка дејност не е доставено истражувањето на тема: „Наставникот како фактор за интеркултурно образование“ | Технички уредениот извештај ќе биде поставен на веб страницата на Бирото за развој на образованието исто тоа станова достапен за сите заинтересирани. | Извештајот може да се печати во 2023 година доколку буџетот за издавачка дејност за 2023 година го овозможува печатење |
| **5. Обука на советници од БРО за развивање на дигитални содржини** | / | / | / |

| *2.2 Мерки и активности кои произлегуваат од работата на Бирото за развој на образованието*<br>***Заеднички функции*** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорен** | **Спроведено** | **Неспроведено** | **Коментар** |
| **1. Стратешки план на Бирото за 2022-2024 година** | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Стратешкиот план на Бирото за периодот 2022-2024 е објавен на веб сајтот од Бирото:<br><br>www.bro.gov.mk |
| **2. Годишен план за работа на Бирото за 2022 година** | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Годишниот план за работа на Бирото за 2022 година е објавен на веб сајтот од Бирото:<br><br>www.bro.gov.mk |
| **3. Нацрт Стратешки план за 2023-2025 година** | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Нацрт-стратешкиот план на Бирото за периодот 2023- 2025 е усогласен со Буџетот на РСМ и одобрен од Генералниот секретаријат. |
| **4. Извештај за спроведување на ГПР на Бирото за 2021 година** | Одделение за стратешко планирање, креирање политики и следење | ✓ | | Извештајот за спроведување на ГПР на Бирото за 2021 година е објавен на веб сајтот од Бирото:<br>www.bro.gov.mk |
| **5. Акт за систематизација на работните места (консолидиран текст) усогласен** | Одделение за човечки ресурси | | ✓ | Не е направен консолидиран пречистен текст на актот за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **со Законот за вработените во јавен сектор** | | | | систематизација, бидејќи во текот на 2022 година имаше неколку промени во актот на систематизација од која последната во месец декември 2022 година |
| **6. Годишен план за вработување за 2023 година** | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изработен е Годишен план за вработување и добиена е согласност од МФ и МПСОЗ |
| **7. Полугодишен извештај (јули – декември 2021) за реализација на Годишниот план за вработување за 2021 година** | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изработен е Полугодишен извештај (јули – декември 2021) за реализација на Годишниот план за вработување за 2021 година и доставен до МИОА |
| **8. Полугодишен Извештај (јануари – јуни 2022) за реализација на годишниот план за вработување за 2022 година** | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изработен е Полугодишен Извештај (јануари – јуни 2022) за реализација на годишниот план за вработување за 2022 година и доставен до МИОА |
| **9. Годишен план за обуки за административните службеници на Бирото за 2023 година** | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Изработен е Годишен план за обуки за административните службеници на Бирото за 2023 година и доставен до МИОА |
| **10. Извештај за реализација на годишен план за обуки за административните службеници на Бирото за 2022 година** | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Извештајот за реализација на годишен план за генерички и специјализирани обуки за административните |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | службеници на Бирото за 2022 година доставен е до МИОА |
| **11. Извештај со ранг листа на годишни оценки за сите оценети административни службеници во институцијата за претходната година** | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Ранг листата на годишни оценки за сите оценети административни службеници во институцијата за претходната година е доставена до МИОА |
| **12. Извештај за работата на Бирото, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост)** | Одделение за човечки ресурси | ✓ | | Извештајот за работата на Бирото, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите (родова еднаквост) е во фаза на изработка, а рокот за доставување до МТСП е до крајот на март 2023 |
| **13. Годишен извештај за изречените мерки за утврдени дисциплинска и материјална одговорност на административните службеници на Бирото за претходната година** | Одделение за човечки ресурси | | ✓ | Во 2022 година не се водени дисциплински постапки и не се изречени дисциплински мерки |
| **14. Внатрешна распределба на вкупно одобрен буџет за 2022 година** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвено е Решение за поделба на вкупно одобрен буџет за 2022 година, истото е доставено до МФ и дадено на лицата овластени за преземање финансиски обврски. |
| **15. Решенија за генерални овластувања** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвени и доставени до МФ и до лицата овластени за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | преземање на финансиски обврски. |
| **16. Годишен, квартален и месечен финанскиски план за 2022 година** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвен и спроведен. |
| **17. Годишен финансиски извештај за 2021 година** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвен и доставен до МФ. |
| **18. Завршна сметка за буџетската сметка, сметка за самофинансирачки активности и сметка за донации за 2021 година** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Изготвена и доставена до институциите: МФ, ДЗР, ЦР и управа за приходи. |
| **19. Контрола на доспеани финансиски обврски за плаќање, изготвување листа за проверка и плаќање** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Реализирано согласно пишаните процедури. |
| **20. Извештаи за ненамирени обрски** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Доставување до МФ до 10-ти во месецот |
| **21. Извештаи за пријавување на обврски, долгови и побарување** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Пријавување на обврски во МФ после склучување на договори за преземени финансиски обврски. |
| **22. Ребаланс на буџетот за тековната година** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Реализирано согласно препораките и барањата од МФ. |
| **23. Предлог буџет за 2023, 2024, 2025, 2026 и 2027 година** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Навремено изготвен и доставен до МФ. |
| **24. Предлог буџетска пресметка согласно Нацрт стратешки план (2023-2025)** | Сектор за финансиски прашања | ✓ | | Навремено изготвена и доставена до МФ. |
| **25. Измени и дополнување на Законот за Бирото на образованието** | Сектор за логистика | | ✓ | Законот за измена на Законот за Бирото е во процедура. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **26. Правилник за внатрешна организација** | Сектор за логистика | ✓ | | Направена е измена на Правилникот за внатрешна организција во делот на Секторот за развој на воспитно-образовниот систем и иразвој на стандарди, наставни планови и програми (се форимираше дополнително одделение) |
| **27. Акт за ситематизација на работните места** | Сектор за логистика | ✓ | | Се извршија измени на правилникот согласно потребите на Бирото. |
| **28. Јавен оглас за спроведување постапка за акредитирани и избор на програми за обука и понудувачи на услуги за професионално усовршување на воспитно - образовниот и раководниот кадар** | Сектор за логистика | ✓ | | Постапката е спроведена и завршена. |
| **29. Јавен оглас за обезбедување услуги поврзани со истражување** | Сектор за логистика | | ✓ | Не е спроведена. |
| **30. Јавен конкурс за ангажирање на надворешни соработници** | Сектор за логистика | ✓ | | Согласно потребите на секторите во Бирото беше спроведена постапка со јавен оглас за ангажирање на стручни лица за потребите на Бирото. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **31. План за јавни набавки** | Сектор за логистика | ✓ | | Планот беше навремено доставен и беа спроведени ЈН согласно закон. |
| **32. Законски и подзаконски акти** | Сектор за логистика | ✓ | | Немаше донесено односно изработено некои значителни подзаконски акти. Потребните се веќе донесени претходно. |
| **33. Повелба за внатрешна ревизија** | / | / | / | / |
| **34. Ревизорски универзум** | / | / | / | / |
| **35. Преглед на проценети највисоки ризици** | / | / | / | / |
| **36. Тригодишен Стратешки план за внатрешна ревизија за 2023-2025 година** | / | / | / | / |
| **37. Годишен оперативен план за внатрешна ревизија за 2023 година** | / | / | / | / |

# 3. ОКОЛНОСТИ И РИЗИЦИ

Образованието е еден од секторите што претрпува важни системски промени, како што се, промени во наставната технологија, пазарот на трудот, општествените односи. Образовните политики го нагласуваат развојот на образование кое им служи на најдобриот интерес на учениците и обезбедување квалитетно и еднакво образование за секој член на општеството, без разлика на етничката припадност, полот, социјалната положба и другите разлики.

Една од главните цели во образованието која се препознава и во новата Концепција за основното образование е да ги оспособи учениците да донесуваат правилни одлуки за сопствените интереси и за интересите на општеството.

Во овој контекст, Бирото е еден од клучните институции во промените на наставата и учењето и во обезбедувањето поддршка на сите чинители во образовниот систем.

За да се реализираат сите предвидени активности со Годишниот план за работа на Бирото за 2022 година беа ангажирани и значителен број надворешни соработници од универзитетите, од средните и основните училишта и од градинките. Реализирани се и значителен број вонпрограмски активности и задачи коишто не беа предвидени со планот за работа во тековната година.Исто така, значајна е соработката со повеќе меѓународни организации и институции кои ги поддржуваат реформите во образованието, владини и невладини организации, во насока на унапредување на воспитно-образовната работа на образовните установи во нашата држава.

Заеднички предизвик ни беше да одговориме на промените што се случуваат, во вистинско време и со најефикасни механизми, секогаш водејќи грижа на квалитетот.

## 4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Со цел да се даде јасен преглед на активностите на Бирото во периодот 2022 година, изготвен е овој извештај, кој претставува максимална посветеност за спроведување и исполнување на приоритетите на образовната политика во нашата земја.

Овој извештај го отсликува она што е постигнато во текот на 2022 година.

Активностите планирани и спроведени од Бирото за развој на образованието имаат за цел да дадат краткорочни и долгорочни решенија во различни области и аспекти на образованието за кои е надлежно Бирото за развој на образованието. Тие произлегуваат од мерките и активностите промовирани со Стратегијата за развој на образованието 2018-2025, Концепцијата за основно образование (2021) и приоритетите на владината образовна политика и потребите на образовната реалност во државата.

Согласно реализираните активности, може да се заклучи дека мерките и активностите на Бирото кои се предвидени согласно Стратешкиот план 2022-2024 година и Годишниот план за работа за 2022 година, во најголем дел се реализирани со планираната динамика и поставените рокови и во континуирана соработка и тимска работа на советниците и стручните соработници од сите сектори.

Надвор од планираните активности, дополнително Бирото спроведуваше и други активности, соработуваше и разменуваше искуства со организации и институции, асоцијации и фондации во Република Северна Македонија, како и со меѓународни организации и институции.

И во услови на реформите во основното образование се докажа дека Бирото за развој на образованието одговори на предизвиците и со својата работа и посветеност успеа да понуди решенија за справување со проблемите во училиштата и да даде насоки за непречено одвивање на наставата и учењето.

**Бр. 01-321/2**
**03.2.2023 година** — **в.д Директор**
**Скопје** — **Зеќирија Хасипи**